Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-735/2 од 15.02.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5-та седница одржана на 15.02.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, бр.05-680/1 од 09.02.2023 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 149.530.505,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 105.000,00 денари, наменети за:

- Зголемување на финансиските средства потребни за склучување на договор за јавна набавка - ревизорски услуги, за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **441 – Средства за опрема** ќе се намали за 105.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 16.841.000,00 денари, ќе изнесува 16.736.000,00 денари.
- Позицијата **441500 – Купување-набавка на друга опрема** ќе се намали за 105.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 11.231.000,00 денари, ќе изнесува 11.126.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на Систем за автоматско управување со документи за потребите на Агенцијата, за која е склучен договор во понизок износ од планираниот.
- Групната ставка **418 – Останати други расходи** ќе се зголеми за 105.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.110.000,00 денари, ќе изнесува 4.215.000,00 денари.
- Позицијата **418800 – Други расходи** ќе се зголеми за 105.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.110.000,00 денари, ќе изнесува 4.215.000,00 денари. Средствата од 105.000,00 денари кои се дообезбедуваат, се однесуваат за склучување на договор за јавна набавка - ревизорски услуги.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година, со цел да се дообезбедат средства наменети за склучување на договор за јавна набавка - ревизорски услуги во вкупен износ од 105.000,00 денари. За да се дообезбедат 105.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година и тоа: Групната ставка **441 – Средства за опрема** ќе се намали за 105.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 16.841.000,00 денари, ќе изнесува 16.736.000,00 денари. Позицијата **441500 – Купување-набавка на друга опрема** ќе се намали за 105.000,00 денари и наместо сегашниот износ од 11.231.000,00 денари, ќе изнесува 11.126.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на Систем за автоматско управување со документи за потребите на Агенцијата, за која е склучен договор во понизок износ од планираниот. Групната ставка **418 – Останати други расходи** ќе се зголеми за 105.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.110.000,00 денари, ќе изнесува 4.215.000,00 денари. Позицијата **418800 – Други расходи** ќе се зголеми за 105.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.110.000,00 денари, ќе изнесува 4.215.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2023 година, вкупните планирани расходи според планот остануваат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 149.530.505,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр. .02-735/2 од 15.02.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5-та седница одржана на 15.02.2023 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 05-766/1

16.02 **2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.